**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје („Друштвото“) и добиениот Предлог од Владата на Република Северна Македонија за избор на член на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 116161/1 од 6.2.2026 година), Собранието на Друштвото на својата седница одржана на ден 31.3.2026 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за избор на член на Одборот на директори на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото го избира:

- г-дин Александар Стоилевски, државјанин на Република Северна Македонија, за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 1 април 2026 година.

### Член 2

Собранието на Друштвото ја констатира оставката на:

- г-дин Иван Митровски, државјанин на Република Северна Македонија, од позицијата неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 29 декември 2025 година.

### Член 3

Мандатот на избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

### Член 4

Собранието на Друштвото го овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги преземе сите потребни дејствија за упис на изборот на членот на Одборот на директори во Трговскиот регистар којшто се води од страна Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**